**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмото продолжение на Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 февруари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,16 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 98-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Фијат Цановски, Јагнула Куновска, Данаил Дончев, Валентина Божиновска, Љубчо Георгиевски,Али Ахмети, Арбен Џафери, МендухТачи, Гоце Маркоски, Тито Петковски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Лазар Китановски и Никола Рилковски, ме известија дека се спречени да присуствуаат на седницата.

Ве молам да притиснеме една од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на пратеници во салата.

Бидејќи се пријавеи само 35 пратеници, ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат, за да продолжиме со работа.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создадат услови за работа).

Дами и господа пратеници, објавувам пауза од 15 минути, а ги молам координаторите на пратеничките групи да направат напори да ги повикаат пратениците, за да имаме услови за работа. Благодарам.

(Пауза од 11,24 до 11,43 часот)

Ги повикувам пратениците да ги заземат своите места, а сллужбите да не известат за точниот број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема доволно пратеници и присутните чекаат да се создадат услови за работа).

Ги повикувам пратениците уште еднаш да ги заземат своите места, а службите уште еднаш да не информираат за точниот број на пратеници присутни во салата.

На седницата присуствуваат 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Продолжуваме со претрес по текстот на Законот за високо образование.**

Претресот по амандманот на член 51 за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник присутен во салата, гласале 58, од нив 13 гласаа за, 2 воздржано, 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од пратеникот Весна Јаневскас.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 57 пратеници, од нив 12 гласаа за, воздржани нема, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 1, за бришење на алинеја 6, поднесен од пратеникот Фијат Цановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 9 пратеници гласаа за, 2 воздржано, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 1, за бришење на алинеите 13, 14, и 15, поднесен од пратеникот Фијат Цановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, од нив 6 пратеници гласаа за, 2 воздржано, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 за менување на алинеја 16, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, од нив 5 пратеници гласаа за, 2 воздржано, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 1 за додавање нова алинеја 19 по алинејата 18, поднесенод пратениците: Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 1, за бришење на алинеја 19, поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец и Марјан Додовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука господин Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господин Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине потпретседателе, колеги пратеници,

Овој амандман и една дузина други амандмани кои се поднесени во предложеното законско решение во Законот за високо образование значи воведување на 3 нивоа во изборот на декан, што доведува до поделба на надлежностите и несоодветно лоцирање на одговорноста во поглед на изборот. Решението кое функционира од донесување на Законот за високо образование од 2000 година поаѓа од значењето и улогата на наставно-научниот совет, од надлежностите на функцијата декан и одговорноста на ректорот за функционирање на единиците на универзитетот. Улогата на Сенатот може во поглед на постапката за избор на декан да биде исполнета со можноста во највисоките акти на универзитетот Сенатот само да ги пропише критериумите, условите и постапките во согласност со закон.

Ќе ми дозволите во неколку реченици пошироко да елаборирам во однос на ова што го кажав, односно во однос на законот, затоа што немав прилика да кажам нешто повеќе во изминатиот период со прекини на седниците итн.

Овој закон беше закон кој Владата го донесе и беше ставен на 92-та седница, а потоа повлечен. Доколку стигневме на 92-та седница да го гласаме законот јас ќе излезев и ќе кажев, да, излегувам, гласам за овој закон затоа што министерот направи добар закон. Зошто направи добар закон? Затоа што во тој момент текстот на законот нудеше одлични решенија и второ, она што министерот го потенцира, јас ќе го потврдам сега дека беше во постојана комуникација со универзиетите и наставниците и јас лично имав одредени контакти, за тие контакти му заблагодарувам, затоа што нис тие контакти успеавме да најдеме одредени решенија кои во еден изминат период носеа проблеми во високото образование. Значи не ме прими во својство на пратеник, не ме прими во својство на политичка партија, ме прими во својство на Универзитетски професор и од таа страна ги гледавме работите и успеавме да дојдеме до решение. И ако овој министер го пофалев за тоа, наеднаш имаме ситуација законот да биде повлечен, донесен во Влада и во Владата имаме корекции и промени, кои корекции и промени се предмет на оваа амандманска расправа и имаме толку амандмани. Дали е ова личен став на министерот лично не верувам, ова е став на Владата, меѓутоа, поопасно е друго прашање, не што е став на Владата, туку што ваков став на Владата со вакви решенија во управувањето на универзитетите, факултетите итн., е враќање на духот на Милошевиќ во територијата на Република Македонија. И тоа сметам дека не е адекватно решение и затоа се овие амандмани. Затоа и предлагам максимално да се искорегираат и во таа смисла корегиран законски текст врз база на овие амандмански расправи да дојдеме во ситуација реално да имаме добар закон кој во основа министерот го предложи. Меѓутоа, системот на управување е доведен до една деградација во таа смисла и губење на автономијата со инкорпорирање на политичкиот систем внатре на универзитетот.

Се надевам дека министерот ќе прифати поголем дел од овие измени, за да дојдеме до корекции. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Оровчанец.

Ако некој не е пријавен за реплика, тогаш како што однапред се договоривме, поради активности на пратениците со Националниот демократски институт и поради протоколарните обврски на министерот за образование и наука, тука давам прекин, пауза, која ќе се поврзе со паузата за ручек и продолжуваме во 15,30 часот. Благодарам.

(Паузата започна во 12,02 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,39 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа.

Господинот Тале Герамитчиоски е отсутен, господинот Владо Бучковски е отсутен и господинот Јани Макрадули кој е пријавен за збор не е присутен во салата.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Уште еднаш ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Уште еднаш ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Истовремено ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Почитувани дами и господа пратеници, бидејќи сеуште немаме услови за работа, тука ја прекинувам денешната седница. Ќе продолжиме со денешната 98 седница утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 16,30 часот)